# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛЕТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА ЗА УЧЕБНИТЕ 2014/2015, 2015/2016 И 2016/2017

Извештајот за самоевалуација на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа “ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА”-Скопје ( во понатамошниот текст ФБЕ) е изработен од страна на Комисијата за самоевалуација именувана од страна на Наставничкиот совет на ФБЕ. Извештајот е усвоен на седница на Наставничкиот совет одржана на ден 22.06.2017 година.

Факултетот за бизнис економија се стреми да им овозможи на своите студенти најдобри услови за студирање со цел да постигнат успешни кариери на национално и меѓународно ниво. Воедно, на овој начин се очекува дека преку студиските програми и студентите ќе се постигне препознатливост на ФБЕ во националната и меѓународна академска средина. Современите, интерактивни и уникатни наставни програми на ФБЕ, за студентите претставува богата база на знаење и ги квалификуваат за најбараните работни места на пазарот на труд.

Додипломските студии се базирани на интегриран мултидимензионален пристап за развивање и имплементација на наставните програми преку интерактивни методи на предавање. Учењето преку работа (Learning by doing), студентската пракса и меѓународната размена на студенти обезбедуваат единствен и висококвалитетен профил на идни менаџери во областа на маркетинг, финанси, банкарство, одржлив развој и локален и регионален бизнис развој.

Меѓународно респектираниот квалитет на наставата и учењето е проритет во политиката на ФБЕ за одржување на високо место на препознатливост во академската заедница и во стопанството на Република Македонија.

Благодарение на искуствата од десетгодишното постоење на ФБЕ, како и претходното богато научно-истражувачко искуство на дел од наставните кадри, секако, имајќи ја во вид и добрата пракса на Универзитетот во Ајдахо, со кого ФБЕ има долгорочен договор за соработка и размена на искуства и знаења, изготвена е програма за следење, оценување и унапредување на квалитетот на наставата.

Појдовни основи на ваквиот пристап се сознанијата дека научно-истражувачките активности, активниот придонес за објавување на научните и педагошки сознанија и индивидуалната иницијатива во сите аспекти и на сите нивоа на академски раст и развој, се клучни претпоставки за обезбедување квалитетно, конкурентно и интерактивно образование.

Самоевалуацијата ќе помогне да се идентификуваат јаките и слаби страни на целокупниот образовен процес на Факултетот, гарантира одговорноста кон нашите студенти, наставниот кадар, административниот кадар и општеството, со што се гарантира постојано подобрување на квалитетот на дејноста што ја врши ФБЕ.

Добиените резултати и сознанија да послужат за согледување на определени сегменти од работењето на наставниот кадар и службите како и квалитетот на сите услуги кои ги нуди ФБЕ со цел откривање на евентуалните слабости и отстапки и нивно позитивно разрешување. Со тоа ќе се создаде основа врз која сѐвкупното работење на ФБЕ ќе еволуира и ќе се подобри за поголема сатисфакција на студентите, но и на наставниот кадар, персоналот и деловните ентитети.

## 1. Опис на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА-Скопје

ФБЕ со високообразовна и научно истражувачка дејност започна во 2006 година под името ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје. Водени од светските искуства кои значат квалитетно и ефикасно образование, од искуствата на најпознатите Бизнис школи во светот, пред сé од моделот на Интегрираниот Бизнис Курикулум (Integrated Business Curriculum)-програма која се предава на Државниот Универзитет на Ајдахо-САД, на ФБЕ се реализираат две студиски програми, едната со траење од три студиски години, односно шест семестри, додека пак втората е со времетраење од четири студиски години, односно осум семестри. Кај тригодишната студиска прогрма, првите две студиски години се исти за сите студенти и се однесуваат на Интегрираниот бизнис курикулум-IBC пристап, додека во последната (третата) студиска година, во зависност од преференциите на студентите, дадена е можност за избор меѓу петте насоки: финансиски менаџмент, маркетинг менаџмент и одржлив развој-еколошка економија, регионален и локален бизнис развој и банкарство.

Четиригодишната студиска програма по Економија е акредитирана од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во 2015 година и истата има добиено решение за почеток со работа. Таа ја задржува логиката на концептот согласно кој се реализираат студиите на ФБЕ, односно студиите се

темелат на Интегрираниот бизнис модел, со тоа што истовремено се следи трендот на пазарот на трудот, од една страна во текот на завршната студиска година се специјализираат студентите на еден од четирите модули: Економија, Маркетинг, Финансии и Сметководство и ревизија, а од друга страна им се овозможува по дипломирањето вклучување на пазарот на трудот и во некоја од регулираните професии, соодветни за нивната професионална ориентација, како што се сметководители, проценители, вештаци, ревизори и слично.

### 1.1 Мисија и цел на ФБЕ

Како високообразовна установа која има долгогодишно искуство во едукација на младите во областа на економијата, ФБЕ својата мисија ја препознава во амбицијата континуирано да создава висококвалитетни и професионално ориентирани кадри во областите на финансии, маркетинг, економска теорија и сметководство и ревизија, како и да ја унапредува научно-истражувачката работа во областа на економијата според највисоките европски и светски стандарди.

Студиската програмата има мултидисциплинарен и меѓународен карактер. Преку изучуваните дисциплини на ФБЕ се поставува солидна теоретска основа надополнета со практични сознанија за натамошно образование и специјализација во сите области на економијата, како и во соодветни области на организациските науки, правото и хуманистичките науки. Со ваквата студиска програма процесот на едукација на идните дипломирани економисти, покрај тоа што ќе биде меѓународно ориентиран, тој ќе биде базиран на потребите во македонското стопанство и значи разбирање на актуелните процеси во регионот и меѓународната заедница.

Приоритетна цел на студиската програма на ФБЕ е создавање профили на дипломирани економисти кои ќе се стекнат со продлабочени знаења на поимите и појавите од областа на економијата, финансии, маркетинг, сметководство и ревизија, зависно од интересот на студентите.

## 1.2 Студиски програми и студенти на ФБЕ

ФБЕ својата дејност ја остварува преку реализирање на додипломски стручни студии по економија(студии од прв циклус ) на четирите модули, спомнати погоре. Од крајот на 2014 година, тригодишните стручни студии на насоките маркетинг менаџмент, регионален и локален бизнис развој и банкарство беа ставени во мирување. Ова беше резултат на малиот интерес за студирање на насоките регионален и локален бизнис развој и банкарство, а што беше контатирано и со Извештајот за самоевалуација од 2014 година. Покрај интересот за упис и студирање на насоката маркетинг менаџмент, имајќи ги предвид ресурсите со кои располага високообразовната установа, пред се наставниот кадар и просторните услови, од страна на донесена е одлука и оваа насока да се стави во мирување.

На ФБЕ од студиската година 2014/15 до 2016/17 запишани се вкупно 415 студенти. Во 2014/15 се запишани вкупно 169 студенти, од кои 84 студенти на финансиски менаџмент, 81 студенти на маркетинг менаџмент и 4 студенти на регионален и локален бизнис развој. Во студиската година 2015/16 се запишани вкупно 113 студенти, од кои 67 студенти на финансиски менаџмент, 44 студенти на маркетинг менаџмент и 3 студенти на регионален и локален бизнис развој. Во студиската година 2016/17 запишани се вкупно 133 студенти, од кои 6 студенти на финансиски менаџмент и 127 студенти на економија.

Од септември 2014 до декември 2016 имаат дипломирано вкупно 223 студенти. Во периодот септември–декември 2014 година дипломирани се вкупно 79 студенти, во период јануари – декември 2015 година дипломирале 93 студенти, а од јануари - декември 2016 дипломирани се вкупно 61 студент.

## 2. Обезбедување на квалитет на дејноста на ФБЕ

Контрола на квалитетот на вискообразовната и научно-истражувачка дејност со која се занимава ФБЕ се обезбедува преку две форми на оценување на дејноста: надворешна евалуација и самоевалуација.

Надворешната евалуација, согласно законските одредби е предвидено да ја врши Одборот за евалуација и акредитација на високото образование на РМ. Овој

вид на евалуација ad hoc се врши и во рамките на различни процеси на рангирање како што е на пример евалуација за рангирање по Шангај листата.

Самоевалуацијата е стандардизиран процес кој се спроведува од страна на ФБЕ согласно законските и интерни акти, кој треба да придонесе за обезбедување на поголем квалитет на дејноста со која се занимава ФБЕ.

Во насока на што пообјективно оценување на тоа дали преку секојдневното вршење на дејноста на ФБЕ се остварува утврдената мисија и цели, а од друга страна утврдување на јаките и слабите страни во вршење на дејноста и отстранување на утврдените недостатоци, во процесот на самоеавалуацијата ќе се евалуираат следниве компоненти:

А) Наставниот и административен кадар. Наставниот кадар се евалуира преку опсервации на наставниот процес од страна на комисија на ФБЕ; преку анкетен прашалник одговорен од страна на студенти; и самоевалуциони извештаи со кои наставниот кадар самиот го оценува сопствениот ангажман. Административниот кадар се евалуира преку семестрални извештаи кои ги доставуваат лицата вработени во администрација како и преку анкетниот прашалник одговорен од страна на студентите.

Б) Услови на вршење на дејноста. Оваа компонента ги опфаќа: просторните услови, библиотеката, публикации, компјутерско-техничката опрема, можностите кои ги нуди ФБЕ преку соработка со бизнис секторот, меѓународна соработка, облици на неформално образование, учество на експерти од пракса и гости предавачи, посета на институции, Центар за кариера, учество на кадарот на конференции, обуки и проекти и слично. Овие аспекти се евалуираат преку утврдување на фактичката состојба прикажана преку бројки и степенот на спроведување на законските барања.

### 2.1 Спроведување на процесот на самоевалуација

Со одлука на Наставничкиот совет на ФБЕ, а согласно Статутот формирана е Комисија за самоевалуација во следниот состав:

1. проф.д-р Димитар Ефтимоски
2. проф.д-р Антонија Јосифовска
3.д-р Биљана Ѓозинска
4. Надица Савовска, студент/претставник на студентите во НС на ФБЕ;
5. Бојана Марковска, студент/претседател на студентска организација.

Комисијата ги сумираше резултатите од анкетниот прашалник доставен до студентите и го изготвување на извештајот за самоевалуација. Опсервациите на наставниот процес ги реализираа проф.д-р Димитар Ефтимоски и проф.д-р Антонија Јосифовска. Проф.д-р Јосифовска и д-р Биљана Ѓозинска ги сумираа и реализираа самоевалуационите извештаи на наставниот кадар.

### 3. Наставен и административен кадар

Наставната дејност на ФБЕ се реализира од страна на 10 лица избрани во наставни звања, од кои 7 лица имаат академски звања доктори на наука, а 4 лица се магистри на наука. Од вкупниот број на наставен кадар 4 лица се со звање професор/редовен професор, 3 лица имаат наставно звање виши предавачи, а 3 лица избрани се со звање предавачи. При избор на наставниот кадар строго се води сметка за законската регулатива од областа на високото образование, интерните акти кои се однесуваат на избор во звања на ФБЕ, потребите на ФБЕ како и индивидуалниот наставно-научен развој на кадарот и неговиот придонес за развој на дејноста на ФБЕ.

Административниот кадар го сочинуваат 2 лица вработени во службата за студентски прашања, 1 лице вработено во администрација и 1 лице вработено во библиотека. За непречено функционирање на службите е ангажиран и техничкиот персонал (2 лица - хигиеничар и домаќин). Дел од наставниот кадар, во зависност од индивидуалните квалификации и ангажманот во наставниот процес е ангажиран во организирање на работата и обезбедување на квалитет на дејноста што ја врши

администрацијата, како што е правниот секретар и лицето/лицата ангажирани во делот на спроведување на маркетинг стратегијата на ФБЕ.

### 3.1 Опсервации на наставниот процес

Со цел што по реално оценување на квалитетот на наставниот кадар, утврдување на предностите, но и на слабостите на истиот, ФБЕ има утврдено строго стандардизирана постапка за вршење на опсервации на наставниот процес од страна на двајцата членови на Комисијата за самоевалуација со најголемо педагошко и научно-истражувачко искуство. Опсервациите се спроведуваат во точно утврдена постапка со актите на ФБЕ и тоа во текот на секој семестар. За наодите и мислењата од опсервациите се информира конкретниот наставник кој е должен да постапи согласно препораките од комисијата за опсервации (доколку постојат истите). Покрај корективната функција на опсервациите на начинот и квалитетот на изведување на наставниот процес, податоците до кои се доаѓа се користат и во процесот за избор на наставниот кадар во повисоко звање. Податоците од опсервациите се со висок степен на тајност и се чуваат кај еден од двајцата членови на Комсиијата кои го реализирале процесот на опсервации на наставата.

Од опсервациите на наставниот процес кои се одржаа од крајот на зимскиот семестар и во текот на летниот семестар, во академската 2016/2017 година може да се заклучи следново:

- Образовните активности на ФБЕ се реализираат согласно наставната програма низ цел спектар на разновидни наставно-образовни, практични и емпириски активности, предвидени со распоредот на часови,
- Предавањата, вежбите, практичните примери, интерактивните групни активности и сл. се одржуваат во предвидените термини,
- Сите професори имаат обезбедени презентации на тематските содржини за секој час, кои воедно се достапни на студентите и преку системот на е-учење, како и литературата во електронски формат,
- Најголем дел од професорите се елоквентни, теоретските елаборации им се поткрепени со примери од пракса, студии на случај и сл.

- Во рамки на развојот на тимскиот дух и спремност за соработка меѓу студентите, тие се вклучуваат со елаборација и презентација на сопствени истражувања за предметните единици што се обработуваат на час,
- Најголемиот дел од професорите користат современи наставни средства, како што се: интерактивна табла, Power-Point и сл.
- Професорите редовно и навремено ги реализираат предвидените испити и, при тоа, истакнувањето на резултатите не трае подолго од 10 дена.
- Увидот на испитните резултати на студентите е вообичаена практика на Факултетот за бизнис економија, и се врши во време и термин определен од страна на предметниот наставник.
- Поголем дел од професорите имаат соодветно педагошко искуство и методолошки пристап, додека кај мал дел од помладите кадри ќе се примени програма за јакнење на нивните педагошки квалитети.

**3.2 Анкетирање на студентите**

Во текот на месец април и мај 2017 година до сите студенти на ФБЕ на нивните електронски пошти беше дистрибуиран анкетен прашалник. Бидејќи бројот на одговори не е доволен за сумирање на заклучоци, прашалници беа дистрибуирани и во принтана форма, на студентите кои полагаа во колоквиумска недела во текот на мај. Од вкупниот број на студенти во текот на 2 месеци одговор беше добиен од вкупно 57 испитаници.

Студентите одговараа на прашања кои се однесуваа на нивна самоевалуација и евалуација на наставата и наставниот кадар, за секој предмет посебно. На повеќето прашања студентите одговараа на скала од 1 (не се согласувам) до 5 (се согласувам).

Прашањата за самоевалуација на кои одговараа студентите се однесува на нивните сопствени предиспозиции -предзнаења и заинтересираност за присуство на предавања. Во однос на квалитетот на наставата, тие ги ценеа посветеноста, спремноста и достапноста на наставниот кадар. Сметаме дека од огромна важност е и мислењето на студентите за подобрување на предавањата за секој предмет.

Анкетните прашалници беа сумирани и се дојде до следниве податоци:

- ✓ Прашалникот беше спроведуван целосно анонимно, при што не постојат податоци за возраста и полот на испитаниците. Годината и насоката на студирање беше опсервирана преку самиот предмет за кој се прави евалуација,
- ✓ Студентите сметаат дека тежината на предметите е соодветна на нивното претходно знаење и не им е потребна дополнителна помош за материјата која се совладува,
- ✓ Претставниците од наставниот кадар добија високи оценки за вршење на нивната дејност од страна на студентите,
- ✓ Коректноста и односот на наставниот кадар према студентите е на високо ниво, при што сите просечни оценки се над 4,0 на скалата од 1 до 5 (каде што 5 е највисоката оценка),
- ✓ Студентите се задоволни од начинот на одржување на предавањата, односно сметаат дека се исполнети со практични примери и вежби, иако дел од нив сметаат дека може да се зголеми нивниот интензитет,

Во продолжение прикажани се просечните оцени на наставниот кадар на индивидуална база, за предметите кои се држени во текот на семестарот, од 5 различни аспекти - достапност, коректност, комуникација, подготвеност и однос со студентите.

**Проф. д-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска**




**Проф. д-р Александар Костадиновски**



**Проф. д-р Димитар Ефтимоски**




**Проф. д-р Жанина Кировска**



**Проф. д-р Слаѓана Стојановска**




**Проф. д-р Крсте Шајноски**



**м-р Мартин Киселички**




**м-р Мартин Стојановиќ**



### 3.3 Самоевалуациони извештаи на наставниците

Вработените и надворешно ангажираните професори во текот на месец март 2017 година, доставија самоевалуациони извештаи за ангажманот во вршење на дејноста на ФБЕ. Целта на извештајот беше точно утврдување на наставно-научниот, истражувачки и административно-развоен ангажман на секој наставник одделно. Имено, во извештајот требаше да се даде точен податок за наставниот ангажман по семестри и по предмети, учество во проекти и истражувања, учество на семинари и конференции, публикација на научни и стручни трудови, и учество во развојната и административна дејност на ФБЕ. По анализа на извештаите од страна на управата на ФБЕ следуваа поединечни разговори со секој од наставниците со цел да се утврдат нивните перспективи и визии за личен и професионален развој во рамки на ФБЕ.

Од самоевалуационите извештаи на наставниот кадар може да се констатира дека наставниот кадар има ангажман во наставата кој е во согласност со законските рамки, односно се движи од 1 предмет во година до 3 предмети во семестар, односно најмногу до 6 предмети во студиска година. Најголемиот дел од професорите во периодот кој се евалуира се вклучени во научно -истражувачки проекти, објавуваат научни трудови и учество на меѓународни и национални конференции. Впрочем, ваквите активности се и дел од политиката за развој и унапредување на кадрите на ФБЕ.

Покрај овој вид на основна дејност, по потреба наставниот кадар се вклучува и во други промотивни, административни, обучувачки и пропагандни активности поврзани со ФБЕ, студентите, единиците на локалната самоуправа и државна администрација.

### 3.4 Семестрални извештаи на администрација

Во извештаите на лицата ангажирани во вршење на административната дејност на ФБЕ поединечно по ставки се наведуваат видот и обемот на работите кои се извршени од нивна страна. Овие извештаи се доставуваат од страна на правниот секретар, од лицата ангажирани во службата за студентски прашања и

администрација, и од библиотекарот, со цел да се утврди обемот и квалитетот на вршење на работите за коишто се задолжени.

Од месечните извештаи може да се констатира дека работата на администрацијата е претежно од репететивна природа и е непосредно поврзана со студентите и документи кои им се издаваат врз основа на службена евиденција. Прашањата кои се проблематични и за кои требаат посебни знаења (правни, финансиски) се во непосредна надлежност на управата.

**4. Услови на вршење на дејноста**

ФБЕ својата дејноста ја врши на простор од 500 метри квадратни, од кои 2 предавални, 1 амфитеатар, 1 компјутерска лабараторија, студентски прашања, 6 наставнички канцеларии и една библиотека со површина од 40 метри квадратни. Сите простории се современо опремени со компјутерско техничка опрема која е неопходна за непречено вршење на дејноста. ФБЕ располага со: 5 Лап-топи, 31 компјутери, 4 табли, 1 flip-chart табла, 3 проектори, 1 Проект платно, 1 скенер, 1 факс-копир, 15 телефони, 2 тест маси за соларна енергија, 1 Термичка камера, 3 принтери.

Библиотеката располага со 502 наслови на книги во печатена форма и вкупно 909 примероци на книги. Во својата библиотека ФБЕ располага и со 850 наслови на брошури, списанија и монографии. ФБЕ, исто така, располага и со 2358 наслови на книги во електронска форма. Литература со која располага библиотеката е на македонски и англиски јазик. Дел од развојната стратегија на ФБЕ е редовно снабдување на библиотеката со најновите наслови од познати светски автори во областа на економијата и областите поврзани со неа, а кои се од интерес на студентите и кадарот на ФБЕ.

ФБЕ го публикува меѓународното научно списание Journal for Sustainable Development. Списанието има меѓународен уредувачки одбор, кој прегледува текстови од следниот вид според COBISS класификацијата: Оригинални научни трудови (вклучувајќи оригинални резултати, презентирани според IMRAD шемата); рецензии (анализа, евалуирање и синтеза на веќе објавени информации); кратки научни трудови (вклучувајќи оригинално истражување и резултати) и

професионални трудови (ставајќи акцент на употребливоста и имплементацијата на веќе постигнати резултати). До јуни 2017 година издадени се 17 броја од Списанието. Од седмиот број излезен во 2013 година списанието е приклучено на реномираната база на податоци на EBSCO, како и во базите на Business Source Complete и Sustainability Reference Center. Со тоа, научните трудови објавени во Списанието станаа достапни во горенаведените бази на податоци за цитирање и пребарување.

### 4.1 Меѓународна соработка на ФБЕ

ФБЕ има склучено договор за долгорочна наставно-научна и истражувачка соработка со Универзитетот Ајдахо од САД. Во рамките на оваа соработка преземени се искуствата за пристапот кон реализирање на предметната програма за Интегриран бизнис пристап.

ФБЕ има склучено 5 билатерални договори за соработка со Универзитети од Европа, и 1 билатерлани договори за соработка со правно лице од странство во дејноста во која работи ФБЕ и тоа:

- Универзитетот за економија од Вроцлав, Вроцлав, Полска (Wrocław University of Economics) (за академска соработка и мобилност)
- Универзитет за економија и култура, Рига, Латвија (The University College of Economics and Culture) (за академска соработка и мобилност)
- Договор со Универзитетот на Фоџа во Фоџа, Италија (Universita di Foggia)
- Договор со Универзитетот од Павиа (University of Pavia)
- Договор со Универзитетот од Љубљана (University of Ljubljana)
- Договор со Pinto Consulting GmbH од Штеле, Германија

Во рамките на Еразмус програмата за мобилност ФБЕ има склучено договори за соработка со:

- Договор со Универзитетот на Марибор во Марибор, Словенија (University of Maribor)
- Универзитетот за економија од Вроцлав, Вроцлав, Полска (Wrocław University of Economics) (за академска соработка и мобилност)
- Универзитет за економија и култура, Рига, Латвија (The University College of Economics and Culture) (за академска соработка и мобилност)
- Универзитетот од Љубљана (University of Ljubljana)
- Договор со Економскиот универзитет во Братислава, Словачка (University of Economics in Bratislava)
- Политехнички институт, Португалија (IPCA - Instituto Politecnico do Cavado e do Ave)

**4.2 Соработка со бизнис секторот**

Во насока на пренесување на искуства на студентите од стопанството, но и обезбедување на фирми во кои студентите ќе може да реализираат пракса, ФБЕ континуирано склучува меморандуми за соработка со бизнис секторот, но и соработува без формално склучени договори, преку гостувања на експерти и предавачи кои работат во стопанството и во државните институции. Во рамките на предметите Интегриран бизнис пристап 1 и 2 по еднаш во семестарот претставници од соодветни институции/фирми одржуваат предавања и даваат консултации ~~на~~ студентите за прашања што се предмет на елаборација на овие два предмети.

ФБЕ има склучено вкупно 15 договори за соработка со претставници на бизнис секторот. Добрите односи со бизнис заедницата ФБЕ ги гради и како неопходност за успешно функционирање на Одборот за соработка и доверба со јавноста, како и за идните активности поврзани со саемите за кариера кои се планираат да се одржуваат од следната студиска година.

Центарот за кариера кој функционира на ФБЕ води сметка за соодветно реализирање на практичната настава на студентите, води податоци за кариерниот

развој на дипломираните студенти и за воспоставување на соработка со стопанството, преку склучување на договори за соработка. Во иднина своите активности треба да ги прошири во насока на реализирање на надлежностите кои согласно закон треба да ги извршува овој Центар, во смисла редовно организирање на саеми за кариера, воспоставување на пракса на исклучиво организирано реализирање на практичната настава на студентите ~~само~~ во фирми со кои ФБЕ соработува, менторство на студентите кои одат на пракса, податоци за кариерниот развој на сите дипломирани студенти и сл. За овие потреби ФБЕ разви и мрежа на дипломци, кои изразија спремност за соработка во фирмите во кои се вработени, заради обезбедување на студентска пракса за нашите тековни и идни студенти, заради обезбедување на податоци при изработка на студии на случај и сл.

### 4.3 Научна дејност и проектни активности

Во текот на трите студиски години кои се предмет на овој извештај за самоевалуација наставниот кадар на ФБЕ учествуваше на 14 конференции, семинари и собири од домашен и меѓународен карактер.

Во овој период вработените избрани во наставно звање на ФБЕ публикуваа 19 рецензирани научни и стручни трудови.

Четири наставници одржаа гостински предавања во странство, реализирани преку Еразмус+ програмата за мобилност.

Во рамките на ФБЕ во тригодишниот период на евалуација беа реализирани следниве проекти:

- Работилници за енергетска ефикасност за градежни работници („Build-Up Skils – Builders' Energy Efficiency Training"), 2014-2016
- Можностите и перспективите на пазарот на труд- Специјализирана студија за Вардарски плански регион, 2016

5. **Заклучни согледувања**

*Факултетот за бизнис економија постои 10 години во областа на македонското високо образование и активно ги постигнува своите зацртани цели на квалитетно образование за своите студенти. Како показател за успешноста на ФБЕ говорат високите оценки на наставниот кадар и административниот кадар за своето работење, како и зголемениот број на успешно реализирани проекти. За осигурување на идниот раст на институцијата, се склучуваат нови меѓународни договори со реномирани високообразовни институции кои ќе отворат нови перспективи за студентите, но и за наставниот и административниот кадар.*

*Факултетот го зголемува своето присуство во бизнис секторот заради ширење на неформалното образование, и секако преку вклучување на сопствените иновации во динамизирањето и осовременувањето на педагошкиот приод, методика на настава,ширење на е- учењето од дома и сл.*

*Општа оценка на оваа евалуација е дека ФБЕ ги исполнува високо зацртаните критериуми и цели на работа и постојано работи на усовршување на наставните процеси и наставните кадри во својата средина.*

**Комисија за самоевалуација**

Проф.д-р Димитар Ефтимоски

____________________

Проф.д-р Антонија Јосифовска

____________________

д-р Биљана Ѓозинска

____________________

Надица Савовска, студент

____________________

Бојана Маркова, студент

____________________